

Alenia G.222 или C-27 Spartan е двомоторен турбо елисен авион, каде како главна намена се јавува карго превоз на воена опрема, падобранци и санитетски потреби. Произведен е во Италија од фабриката Alenia, подоцна купен од Соединетите Американски Држави, кои го модифицирале предходниот дизајн на овој авион.

Главен адут на овој авион е можноста да полета и слета на нерамни и кратко полетно-слетни патеки, чија должина може да изнесува и 600 метри.
Располага со 5,500 килограми карго носивост, максимален долет од 4,685 километри и п лафон од 7,620 метри.

